Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД
Бр. 0201-9
06.04.2020 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 487 и член 490 од Закон за трговските друштва и член 36 од Правила за котација, Собранието на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата одржана на ден 06.04.2020 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2019 година (дивиденден календар)

Член 1

Согласно Одлуката за употреба и распоредување на нето добивката остварена по годишната сметка за 2019 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2019 година во висина од 324,00 денари нето, односно 360,00 денари бруто, за една акција.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

Член 2

Последен датум на тргување со право на дивиденда за 2019 година е 21.04.2020 година.

Член 3

Прв датум на тргување без право на дивиденда за 2019 година е 22.04.2020 година.

Член 4

Датум на стекнување на право на дивиденда за 2019 година е 23.04.2020 година.

Член 5

Исплата на дивидендата за 2019 година ќе започне од 20.05.2020 година.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на АЛКАЛОИД АД Скопје
Претседавач
Марија Малова

Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД СКОПЈЕ 2